СОС ДЕТСКО СЕЛО
Ниту едно дете не треба да расте само

Заедно за повеќе насмевки

# Голема хуманитарна акција на „Нептун“ за поддршка на децата од СОС Детско село

Стратешко партнерство кое прераснува во соработка која се работи со многу љубов и посветеност резултира со многу детски насмевки, реалирани млади и дадена втора жанса во животот.

Горди сме на НЕПТУН Македонија кои ја препоразнаа работата на СОС Детско село и несебично во секое делување ја покажуваат нивната подршката со посветеност која е резултат за одржливост.

Ги поттикнуваме сите потрошувачи да купуваат од производите означени со насмевка во продажните салони на „Нептун“ и со тоа се донира за децата од СОС Детско село.

Нептун Македонија ДОО од 10 до 31 мај спроведува кампања “Неверојатен попуст на грижа, љубов и внимание”. Со секој купен производ кој е дел од компаниската промоција, купувачите во „Нептун“ имаат можност да се вклучат во донаторска акција и да дадат свој придонес помагајќи им на децата и младинците без родителска грижа.

Грижата за заедницата е дел од корпоративната култура на „Нептун“, а со оваа кампања компанијата оди чекор понатаму. Намерата е да се вклучат и потрошувачите, односно да се прати порака дека со купување на овие „хуманитарни“ производи од „Нептун“ и тие индиректно донираат и учествуваат во поддршката на најранливите категории – децата без родителска грижа.
- Во оваа кампања „делиме гратис насмевки“, наплаќаме „0% камата на детската радост“ и даваме неверојатен “попуст на љубов, грижа и внимание“. Како стратешки партнер на СОС Детско село сметаме дека грижата за децата и младите во социјален ризик треба да биде дел од културата на живеење на целата заедница и дека треба да ги поттикнеме сите што се во можност да се вклучат во активностите за нивна поддршка. Помагајќи им на децата без родители и родителска грижа, за возврат добиваме огромно емотивно задоволство дека на овие деца сме им овозможиле еднакви можности како и на другите деца кои ја имаат таа среќа да растат во стабилни семејства – истакнуваат од „Нептун“.

Вистинска привилегија е што и нашата мала држава преку СОС Детско Село е дел од интернационално семејство, кое во 136 земји во светот работи и е посветено на помош и поддршка на најранливите – ДЕЦАТА.

Заедно за повеќе насмевки!!


ГРАТИС
ДЕТСКИ
НАСМЕВКИ
СОС ДЕТСКО СЕЛО
NEPTUN
Заедно за повеќе насмевки
ГОЛЕМА ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ОД НЕПТУН.
ПРОНАЈДИ ГИ ОЗНАЧЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ, КУПИ И ДОНИРАЈ ЗА СОС ДЕТСКО СЕЛО.
АКЦИЈАТА ТРАЕ ОД 10 ДО 31 МАЈ 2022


СОС ДЕТСКО СЕЛО
NEPTUN
Заедно за повеќе насмевки
НЕВЕРОЈАТЕН ПОПУСТ НА ГРИЖА, ЉУБОВ И ВНИМАНИЕ
ГОЛЕМА ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ОД НЕПТУН.
ПРОНАЈДИ ГИ ОЗНАЧЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ, КУПИ И ДОНИРАЈ ЗА СОС ДЕТСКО СЕЛО.
ајде!
ДО 31ВИ МАЈ 2022